**20200901360**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

## УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЗИНГ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

(1) Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) На договорите и на промените на договорните услови за финансиски лизинг спрема физичките и правните лица, како и спрема солидарните должници и заложните должници врз основа на финансиски лизинг ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

(1) Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година физичките лица кои се корисници на финансиски лизинг по договорите за финансиски лизинг кои се склучени заклучно со 31 март 2020 година ги плаќаат обврските на месечен ануитет намален за најмалку 70% од редовниот месечен ануитет, а давателите на финансиски лизинг не смеат да пресметуваат и наплатуваат надоместоци, трошоци провизии и/или казнени камати.

(2) Периодот на отплата, односно рокот за плаќање на месечните ануитети по договорите за финансиски лизинг од став (1) на овој член се продолжува за најмалку 90 дена по истекот на периодот од став (1) на овој член.

(3) Обврските по основ на помалку платени ануитети во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година согласно став (1) на овој член се одложуваат согласно одобрениот рок за плаќање од став (2) на овој член, или рамномерно се распоредуваат во месечните ануитети кои ќе доспеат по 30 јуни 2020 година.

(4) Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година давателите на финансиски лизинг можат да ги менуваат и другите услови од договорите од став (1) на овој член само заради олеснување на условите.

(5) На корисниците на финансиски лизинг кои во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година редовно ќе ги отплаќаат обврските по договорите за финансиски лизинг, без оглед дали го користат правото од став (1) на овој член, давателите на финансиски лизинг можат да им дадат поволности во однос на отплатата на обврските.

(6) При промена на условите согласно ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) од овој член, давателите на финансиски лизинг доставуваат понуда до физичките лица корисници на финансиски лизинг согласно член 2 алинеја 1 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

Член 3

(1) За промена на условите од договорите за лизинг склучени со правни лица, давателите на финансиски лизинг постапуваат согласно член 2 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

(2) Давателите на финансиски лизинг можат да ги олеснат условите од договорите за финансиски лизинг склучени со правни лица заклучно со 31 март 2020 година, врз основа на барање од правно лице корисник на финансиски лизинг поднесено во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година.

Член 4

На доставувањето и прифаќањето на понудата и на правното дејство на променетите услови се применуваат одредбите од членовите 3, 4, 5 и 6 од Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 80/20).

Член 5

Договорите за финансиски лизинг што ќе се склучат во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година можат по барање на корисниците на лизинг да се склучат со грејс период од три месеци. Во грејс периодот давателот на финансиски лизинг може да пресметува само договорна камата.

Член 6

Давателите на финансиски лизинг се должни во рок од пет дена од денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила да донесат интерен акт за спроведување на оваа уредба со законска сила.

Член 7

На давателот на финансиски лизинг кој нема да постапи согласно со одредбите од оваа уредба со законска сила Министерството за финансии со решение ќе му ја одземе дозволата за основање и работа.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2838/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.